Сања Јов. Хаџијанак
27.07.26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 24-07-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 4042/1 | | |

До: **Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Искра Опетческа новинар во порталот МКД.мк

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ми доставите комплетна хронологија на сите службени дејствија, одлуки, записници, комисиски постапки и правни акти поврзани со предметот на припадникот на АРМ, [redacted], учесник во војната во 2001 година, од 6 август 2002 година до денес, со образложение зошто по речиси 24 години не е донесена конечна управна одлука, и покрај постоењето на законски утврден приоритет за станбено згрижување и утврдена дискриминација од страна на Комисијата за заштита од дикриминацијата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-4042/3 | | 31-07-2026 |

До:

Искра Опетческа-новинар во порталот МКД мк.

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-4042/1 од 24.07.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| | | |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-4042/1 од 24.07.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-4042/1 од 24.07.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на комплетна хронологија на сите службени дејствија, одлуки, записници комисиски постапки и правни акти поврзани со [redacted],припадник на АРМ, и тоа за периодот од 06.август 2002 година до денес, како и образложение за причините поради кои се уште не е донесена конечна управна одлука во предметот.

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-4042/1 од 24.07.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на комплетна хронологија на сите службени дејствија, одлуки, записници комисиски постапки и правни акти поврзани со [redacted],припадник на АРМ, и тоа за периодот од 06.август 2002 година до денес, како и образложение за причините поради кои се уште не е донесена конечна управна одлука во предметот,

согласно информациите добиени од Секторот за стопанисување со станбен простор-ПО Скопје, Ви го доставуваме следниот одговор:

На лицето [redacted] како припадник на безбедносните сили на Република Македонија, со Решение бр. 08-701/2 од 10.06.2003 година, донесено од Комисијата за станбени и иселенички прашања при Владата на Република Македонија, му е доделена под закуп монтажна барака бр. 15 во населба Илинден – Скопје.

Врз основа на наведеното решение, лицето има склучено Договор за закуп на стан со Акционерското друштво, архивиран под бр. 09-6581/2 од 30.06.2003 година.

За наведениот објект, со Налог бр. 09-1153/1 од 19.02.2024 година, престанато е фактурирањето на закупнината, врз основа на Записник бр. 09-988/1 од 13.02.2024

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

година, со кој е констатирано дека објектот се наоѓа во исклушително лоша состојба, без основни услови за живеење.

Во однос на барањето за доставување документација од комисиските постапки, Ве известуваме дека Акционерското друштво не спроведува постапки за доделување станови под закуп, бидејќи истите се во надлежност на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија. Барањата за доделување стан под закуп, заедно со целокупната документација, се поднесуваат до наведената Комисија, која ја води постапката и донесува соодветни решенија. По донесувањето на решение од страна на Комисијата, Акционерското друштво постапува согласно истото, во рамките на своите законски надлежности.

Дополнително, Ве известуваме дека Акционерското друштво не располага со посебен станбен фонд наменет за припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства. Доколку Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија донесе решение за доделување стан под закуп на конкретно лице, Акционерското друштво ќе го реализира таквото решение.

Имајќи го предвид наведеното, Акционерското друштво не е надлежно за водење на постапките и донесување решенија за доделување станови под закуп, туку исклучиво ги спроведува решенијата донесени од Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија, во рамките на своите законски надлежности.

Прилози:

Решение бр: 09-658/1 од 23.06.2003 год.
Договор за закуп на стан бр:09-6581/2 од 30.06.2003 год.
Известување бр:09-7092/1 од 04.07.2003 год.
Налог за престанок на фактурирање закупнина на стан бр: 09-1153/1 од 19.02.2024 год.
Записник бр:09-10/302 од 03.12.2019год.
Записник бр:09-4/5 од 16.01.2020 год.
Записник бр: 09-4/73 од 12.03.2020 год.
Записник бр: 09-4/150 од 22.09.2020 год.
Записник бр: 09-988/1 од 13.02.2024 год.
Записник бр: 09-4/693 од 17.02.2025 год.
Записник бр: 09-4/22 од 10.03.2026 год

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска